# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
## НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ЕВРОИНТЕГРАЦИИ

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од Четвртата седница на Националниот совет за евроинтеграции**
**одржана на 12 март 2015 година**

Скопје, 12 март 2014 година

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**Од четвртата седница на Националниот совет за евроинтеграции**
**одржана на 12 март 2015 година**

**(Заедничка седница на Националниот совет за евроинтеграции со Комисијата за европски прашања)**

Седницата се одржа во сала Борис Трајковски, во Собранието на Република Македонија.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше госпоѓа Нора Алити, заменик претседател на Комисијата за европски прашања.

**Нора Алити:** Добар ден на сите.

Почитувани гости, ваши екселенции, амбасадори, почитувани колеги пратеници, почитуван заменик претседател на Влада, дами и господа.

Ја отворам заедничката седница на Комисијата за европски прашања и на Националниот совет за евроинтеграции.

Ова е 11-та седница на Комисијата за европски прашања и четврта седница на Националниот совет за евроинтеграции.

Денес ќе третираме теми кои што се од интерес за двете тела и заради таа причина и поради ефикасноста имаме свикано заедничка седница. Со оглед на тоа што присуствуваат мнозинството членови на двете тела можеме да констатираме дека можеме да работиме и да одлучуваме.

Поканата со Предлог дневниот ред како и материјателите за точките од дневниот ред сега Ви се доставени.

За денешната седница е предложен следниот заеднички дневен ред со две точки и тоа:

**1. Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2015-2017 година.**

**2. Наративен преглед на степен на реализација на НПА ревизија 2014 за четвртото тромесечие.**

Пред да го ставиме дневниот ред на гласање, сакам да предложам за двете теми всушност да се одвива една заедничка дебата или расправа затоа што двете теми се меѓусебно поврзани, комплементарни и извештајот за последното тромесечие инконпорирано во Националната програма - ревизија 2015-2017.

Дали има некој друг предлог за измена или дополна на дневниот ред?

Бидејќи нема тогаш дневниот ред заедно со предлогот за заедничка дебата за двете точки го ставам на гласање и претходно ги молам членовите на Комисијата за европски прашања да се изјаснат.

Кој е за ве молам?

Дали има против?

Воздржани?

Констатирам дека Комисијата едногласно без забелешки го усвои предложениот дневен ред.

Сега ги молам членовите и претставниците на Националниот совет за евроинтеграции да се изјаснат за предложениот дневен ред.

Кој е за ве молам?

Дали има против?

Воздржани?

Констатирам дека Националниот совет за евроинтеграции со консензус го усвои предложениот дневен ред.

Како што знаете Владата ни достави ревизија на НПАА за 2015-2017 година со матрица на активности и анексите еден и два, три, четири А и четири Б како и наративниот преглед на степенот на реализација на НПАА ревизија 2014.

Сега го молам заменик претседателот на Владата господинот Бесими да ги слушнеме анализите и процените околу овие материјали, повелете.

**Фатмир Бесими:** Благодарам почитувана госпоѓо Алити.

Почитувани пратеници, Ваши екселенции, претставници од медиумите, други претставници од граѓанскиот сектор, од бизнис заедницата, дозволете ми првично да се заблагодарам на поканата од страна на Комисијата за европски прашања и на Националниот совет за евроинтеграции кои што ме поканија денес да дискутираме во однос на националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ривизија 2015-2017 година која што беше усвоена на седницата на Владата на 23 декември 2014 година. Сакам првично да го подвлечам фактот дека имајќи ги предвид последните настани во нашата земја и предизвиците со кои што се соочуваме моментално во насока на евроинтегрирањето на Република Македонија, ценам дека денешната дебата треба да се искористи уште еднаш за да се потврди дека продолжуваме во спроведување на реформите кои што се дел од европската агенда, со истата посветеност и одлучност за да се адресираат препораките што произлегуваат од Извештајот за напредокот од Европската комисија од октомври минатата година. Верувам дека сега повеќе од кога било е потребно со конкретни активности да покажеме дека институциите на Република Македонија имаат демократски капацитет да се соочат со предизвиците и за да остнаат посветени, фокусирани на тоа што ни е стратешка определба опфаќајќи ги сите општествени чинители во тоа што го нарекуваме членство во Европската унија. Вчера бевме сведоци дека Парламентот на Европа ја усвои резолуцијата за Република Македонија, значи повторно се препорачува Македонија да премине во следната фаза од напредокот или пак преговорите за пристапување во Европската унија нагласувајќи ги јасно вознемиреностите што европскиот парламент и Европската комисија ги споделуваат за последните настани во Република Македонија.

И, затоа почитувани пратеници, почитувани членови на Националниот совет за евроинтеграции и другите присутни очекувам денешната дебата да се фокусира во давање на предлози за ефикасно и квалитетно спроведување на сите активности кои што се дел од стратешките документи на државата.

Најпрво дозволете ми да говорам накратко за методологијата на работа и една споредбена нумеричка анализа за подготвување на националната програма за ревизијата 2015-2017 година и за тоа што ние сме го реализирале во 2014 година. Подвлекувам ова се некои споредбени анализи или нумерички анализи и проценти и на овие секако треба да се додаде и политичкиот и содржински и квалитетен концепт за кој што ќе говорам во вториот дел од моето образложение. Ако ја споредуваме програмата 2014 од 57 предвидени закони се донесени 21 закон. Во однос на подзаконските акти предвидени за читање во првото, второто и третото тромесечие од 143 подзаконски акти кои што се предвидени се усвоени 76, во меѓувреме две се во владина постапка и 9 се во постапка на меѓуресорска консултација и 4 се во изготвување односно тие сега се веќе дел од програмата на ревизијата 2015-2017 година. Основата на ревизијата на националната програма за 2015 година е  адресирање на сите препораки кои што се опфатени во извештајот на Европската комисија во 2014 година како и Стратегијата за проширување за 2014-2015 година, со цел да се обезбеди понатамошна реализација на приоритетните и реформските цели и понатамошната реализација на обврските кои што произлегуваат од Спогодбта за стабилизација и асоцијација како и понатамошно усогласување на европското законодавство со Стратегијата за проширување на Европската комисија се утврдени три приоритетни столба кои што треба да се фокусираат на земјите на регионот на нивните реформски активности за владеењето на правото, на економското владеење како и реформите во јавната администрација. Овие се предвидени исто така во Националната програма што ја имате пред вас Ревизијата 2015 година. Стратегијата која што дава општ смер во однос на потребата што треба да се превземе во овие области и приоритетите што се опфатени во овие области. Исто така и препораките што произлегуваат од Извештајот за напредокот на Република Македонија објавен во октомври 2014 година. Веднаш по објавувањето на извештајот се направи една почетна анализа во рамките на Секретаријатот за европски прашања и потоа и една подетална анализа за дефинирање на така наречен ендек или гап во однос на тоа што е предвидено со актуелниот план или пак минатата години и тоа што е реализирано всушност и од тоа се направи еден акциски план кој што Владата на Република Македонија секоја недела на своите седници како пред точка го третира статусот на имплементација на овие приоритети кои што беа дефинирани односно беа изготвени со пошироки консултации не само со државните институции туку и со граѓанската заедница, бизнис заедницата, судството, универзитетите итн., односно сеопфатна методологија кое што помагаше да изготвуваме програма за 2015 година каде што ќе бидат опфатени сугестиите кои што доаѓаат од невладиниот сектор и бизнис заедницата.

Во Ревизијата 2015 можам да кажам дека го има истиот методолошки концепт на изготвување како и тој од претходната година односно содржински се опфатени плановите за усогласување на националното законодавство со тоа на Европската унија, динамиката која што е потребна за зајакнување на институциите и спроведување на законодавството како и потребните реформи за реализација. Ова е пристап кој што ние го унапредивме во минатата година со цел да биде колку што е можно појасно, потранспарентно и полесно за проследување и следење на европската агенда во Република Македонија. И така по едно

квалитетно планирање од временски аспект на имплементација на законодавството во различните тромесечија во различните периоди од годината.

Исто така посебно внимание се посвети и на приоритетите на реформската национална програма, Стратегијата на Југоисточна Европа и плановите за постапување со избраните програми и документи. Овие произлегуваат исто така од концептот за проширување на Европската комисија за Југоисточна Европа. Програма исто така ја следи структурата на Копенхашките критериуми и Мадридските критериуми односно се опфаќаат политичките критериуми, економските критериуми, способноста за преземање на обврски што произлегуваат од членството во Европската унија како и административните капацитети.

Со Националната програма за усогласување на правото на Европската унија 2015 година се предвидени околу илјада и седум активноти од кои што 57 се закони што се усогласуваат со 69 мерки на Европската унија, потоа 91 се подзаконски акти кои што се усогласуваат 120 мерки на Европската унија.

За првото тромесечие се предвидени 7 закони и 28 подзаконски акти.

За второто тромесечие се предвидени 19 закони и 17 подзаконски акти.

За третото тромесечие се предвидени 9 закони и 8 подзаконски акти и во четвртото тромесечие се предвидени 22 закони и 42 подзаконски акти.

Што се однесува на човечките и хуманите ресурси се сочувува континуитетот споредено со минатата година односно 75 институции се опфатени во оваа година. Околу 13 илјади и 500 вработени во државниот и во јавниот сектор кој што планираат и спроведуваат и мониторираат следење на програмата.

Во однос на буџетските средства за 2015 година се алоцирани односно средствата кои што се опфатени во различните активности како што спомнав претходно во рамките на Националната програма се проценува околу 727 милиони евра и овој буџет во најголема мера се користи за административната поддршка, за стратешките приоритети на Владата, во европската агенда, капиталните проекти и развојните програми.

Исто така за имплементација на оваа програма се користат и фондови од Европската унија и други билатерални партнери на развојот на Република Македонија. Што се однесува на преведувањето на правото на Европската унија предвидени се за преведување околу 30 илјади страници и да се разгледаат повторно 18 илјади страници од законските акти или службените весници на Европската унија и другите документи за интегрирање во Европската унија.

Почитувани присутни како што спомнав ова се некои статистики, бројки или алгебра која што говори за сите ресурси за анганжманот како за хуманите ресурси така и за финансиските ресурси и посветеноста кон една сеопфатна и огромна агенда за целата администрација и политиката во Република Македонија. Тоа што е битно како сите овие ресурси и сета оваа посветеност да се искористат на најсоодветен начин со цел Македонија да покаже понатаму и успех во патот кон ЕУ интегрирањето односно тоа што е содржина да покажеме поконкретни резултати.

Дозволете ми да направам една кратка презентација околу содржината на програмата што се однесува на темите што се очекуваат од нас во процесот на интегрирање односно во политичките критериуми како што спомнав претходно, тие

што произлегуваат како препорака од извештајот за напредокот и стратегијата за проширување овој дел од програмата се фокусира на унапредувањето на демократските капацитети односно политичкиот дијалог, спроведувањето на изборните реформи, реформата на јавната администрација и процесот на децентрализација како и понатамошни реформи на судството, понатамошно унапредување на слободата на изразување и дијалогот со здруженијата на новинарите како и целосно спроведување на Охридскиот рамковен договор. Сите овие се приоритети кои што се идентификуваат во рамките на пристапниот дијалог на високо ниво.

Владата и понатаму во континуитет го следи исполнувањето на обврските кои што произлегуваат од процесот на европското интегрирање. Се разбира ова е се напишано и се очекува имплементација целосна од страна на сите институции и фактори во земјата. Би рекол битно е и од политичките фактори во земјата да има една целосна посветеност на нашата европска агенда. Тоа е повеќе од потребно во овој период кога од нас се очекува да покажеме поуспешен процес кога се прават проценки во Брисел за Македонија дека оваа година официјално ќе почнеме преговори, ќе добиеме препорака и без официјални преговори како што сме имале претходните шест години или пак оваа година можеби нема да имаме преговори меѓутоа ниту статус кво, со други зборови можеби институциите кои што одлучуваат може да имаат некој друг став кој што за нас дефинитивно нема да биде од интерес или пак нема да биде интерес кон тоа што води кон стратешкиот приоритет на нашата земја.

Другиот дел на политичките критериуми на подетален начин ги опишува активностите што произлегуваат од препораките за овие теми односни изборните реформи каде што се очекува со општ консензус да се уреди законодавството и да се опфатат сите препораки што излегуваат од ОБСЕ и ОДИХР за изборниот законик. Со цел да има имклузивен и транспарентен процес при изготвување на сите реформи што се очекуваат во оваа насока.

Од аспект на децентрализацијата се усвојува нова програма за развој на локалната власт во насока на реализација на целите за поголем економски развој, економски раст и поголем степен на вработување, како и подобрување на стандардот и квалитетот на животот. Реформите во јавната администрација, се очекува, имплементацијата или пак функционирањето на Законот за административни службеници и вработените во јавниот сектор, кој што се заснова врз нивните перформанси и развој на кариерата исто така имајќи ја во предвид правичноста и соодветната застапеност да се донесе една квалитетна администрација. Во однос на реформите во полицијата со закон ќе се уреди и основањето на една нова независна институција, која што ќе функционира во системот на надворешна контрола на почитување на правата и слободите на човекот, на професионалните стандарди, спроведување на обврските и посебните надлежности од страна на вработените во Министерството за внатрешни работи.

Во однос на судството се предвидуваат активности за измена на законот и реформите во насока на зајакнување на независноста и непристрасноста на судството, се планира и зајакнување на законскиот кадар и што ќе придонесе во понатамошните законски реформи. Значи се предвидува и стратегија и план за делување за понатамошни реформи во судскиот систем во сите области. Казнениот систем, пристапот до право, имплементација на правото на општо и административно право, и аити, или пак други. Планирани се други измени и

дополнувања што се однесува и на претседалната кариера и зголемување на транспарентноста на судските одлуки и професионализацијата во судските процеси и процесите на Јавното обвинителство.

Се предвидуваат актинвости во борбата против корупцијата со цел зголемување на надлежностите на независноста на институциите кои се занимаваат со овие прашања, зголемување на транспарентноста обелувајќи ги и правејќи регистар на избрани или именувани лица. Унапредувањето на слободата на изразувањето, медиумите остануваат клучен предизвик и приоритет како тема за унапредување на дијалогот помеѓу државните институции Владата и здруженијата на новинари, ќе продолжат и понатака активностите за зајакнување на капацитетите и спроведување на практиката на Европскиот суд за правата на човекот и во оваа област, односно правата на заедниците и меѓусебната или взаемната почит меѓу етничките заедници. Се изготвува план за егзација на препораките и квалитетна анализа за извештајот кој што е во одос на имплементација на Охридскиот рамковен договор.

Потоа, регионалната соработка и добрососедството остануваат определба на надворешната политика со цел да се создадат подобри релации, интензивирање на соработката со соседните земји, членки на Европската унија, Република Грција и Бугарија ,покажувајќи отворен конструктивен пристап и интерес за решавање на сите отворени прашања или теми што ги имаме со нив.

Почитувани присутни, во економските критериуми, Република Македонија ќе продолжи со определбите за создавање на економија на функционален пазар со капацитети за случување со конкурентноста во европскиот пазар. Се предвидува во 2015 година да има економски раст на БДП за 4%, зголемување на бруто инвесетициите, намалување на невработеноста и зачувување на стабилноста на цените и условите на размена и зголемување на човечкиот капитал, што се однесува на менаџирање на јавните финансии на реформата на јавната администрација, Владата и фондовите. ИПА фондовите предвидуваат концепт на изготвување на среднорочна рамка и јавните трошоци и корниза на среднорочни активности. И овие се активности кои што произлегуваат непосредно од стратегијата за регионален развој, за сите земји во регионот, за унапредување на управувањето со јавните финансии во насока на зголемување на транспарентноста и ефективноста кон општите политики на земјата, интегрирањето во Европската унија.

Во однос на преземањето на обврски за членство во Европската унија, како што спомнав и претходно се предвидуваат повеќе активности, промена на закони, на политики, интервенирање или пак усвојување на разни европски мерки, директиви и стандарди како што се во следните области, слободно движење на стоките, финансиските услуги, информатичко општество и медиуми, земјоделство и рурален развој, политики на транспорт, енергетика, социјална политика, вработување, регионални политики за рамномерен регионален развој и во областа на правото како што спомнав и претходно, слобода, право, слобода на изразување и слобода.

И за крај, почитувани присутни, освен овие активности што се претставени тука, ќе ја искористам оваа можност да Ве информирам и за иницијативите кои што Секретаријатот за Европски прашања, во текот на овој период ги има преземено со цел зајакнување  на капацитетите и подготвувањето на државната администрација и на структурите за официјалните преговори што Македонија

треба да ги почне со Европската унија во моментот тие ќе треба да почнат, одосно за тоа, како да биде ефективно статутот по односот на подготвување и зачување на конекцијата на сите институции во државата за официјалнтие преговори што треба да ги почнеме со Европската унија, со европските фондови односно со ИПА фондовите. Секретаријатот за Европски прашања оваа година потпиша и почна со работа со твининг договорот или пак со еден конзорциум со три европски држави, Германија, Полска и Хрватска, со цел зајакнување на декларачките капацитети на Република Македонија во насока на пристапување во Европската унија и тоа се состои од две компоненти. Првото е зајакнување на капацитетот на Секретаријатот за европски прашања и работните тела во процесот на интегрирање и второ, зајакнување на капацитети во ова министерство во процесот на ЕУ интегрирањето, засновајќи се врз препораките и извештаите на Европската комисија. Конкретно ќе има квалитетна анализа и детална анализа за сите структури на земјата, институциите што се вклучени во овој процес и ќе треба да бидат вклучени и како второ, анализа на законодавството или пак статусот што Македонија моментално го има во одос на процесот на интегрирање и така да може да имаме еден подиректен пристап од периодот на еден почеток на официјалните преговори до членството што се однесува на усогласувањето и исполнувањето на европските стандарди колку што може да бидат по успешни. И, Ве информирам дека за оваа иницијатива имаме постојана поддршка и од билатералните партнери, освен ЕУ фондовите, имаме проекти во Секретаријатот со поддршка од Франција, Германија, Италија, САД, односно Соединетите Американски Држави и повеќе држави кои што ги спомнав, само за тоа што не се напишани во овој извештај, меѓутоа, сепак да ви дадам едена јасна слика дека поддршката за домашнтие институции во патот кон Европската унија, продолжува и понатака да биде пак во рамките на Европската комисија, односно заедничките европски фондови, така и во билатералниот, значи земјите членки на Европската унија и САД. Ви благодарам.

**Нора Алити:**

Благодарам заменик претстедател на Владата.

Значи НПАА останува и понатака клучен документ за процесот на интегрирање во Европската унија, бидејќи ја искажува динамиката на усогласувањето на натамошното законодавство, потоа на Европската унија, меѓутоа и прилагодувањето на националните институции и административните структури.

Дозволете ми да Ве информирам и да Ве потсетам дека пред вас се пријавите за дискусија кои што Ве молам да ги пополните и да ги предадете на Службата на комисијата, се разбира дека ова важи доколку имате интерес да земете збор.

А, тоа што јас сакам да го кажам почитуван вицепремиер и почитувани присутни, дека денес не сакам да го скријам разочарувањето, дека денес Македонија се наоѓа на крајот на листата на земји кои што аспирираат кон полноправно членство во Европската унија. Ова е единствена земја која што се блокира да почне преговори за членство, поради спорот околу прашањето на името. Во 2005 година, кога Македонија го доби статусот земја кандидат, се сметаше за успешна сторија. Од 2009 година, значи 6 години, по ред, европскиот совет и земјите членки не постапуваат според препораката од Европската

комисија за почеток на преговори со Македонија и 6 години по ред, Македонија чека во собата за чекање. Е во чекална. Ова статускво не само што ја загрозува одржливоста на напорите за реформите туку и понатака претставува цена која што се зголемува и не може да се предвиди за регионалната стабилност. Сакам да нагласам дека еден по активен ангажман од страна на Европската унија во решавањето на билатералните прашања или пак, плуратиралните конфликти не само во случајот на Македонија туку и во регионот е повеќе од потребен.

Македонија денес се наоѓа во длабока политичка криза каде што политичкиот дијалог е речиси непостоечки. Ситуација која што ја загрозува парламентарната работа, ги загрозува демократските процеси и го руши кредибилитетот на независните институции. Значи, уште повеќе се става во потпрашалник, европската иднина на земјата. Во ниту еден миг, јас не сакам да алудирам, дека сета вина за ситуацијата, во која што се наоѓаме денес, треба да се фактурира на Европската унија или пак земјите членки, меѓутоа, сум длабоко убедена дека неуспехот на Европскиот совет, да постапи според препораката на Европската комисија доволно придонесе и оваа ситуација, убедена сум дека ќе се избегнеше. Доколку денес ги почневме преговорите, граѓаните на Македонија и Македонија имаат потреба од политика која што нуди решенија, политика која што е далеку од меѓусебни обвинувања и во оваа сериозна криза која што ја поминува Македонија, членството во Европската унија и НАТО е единствениот елемент кој што ја држи земјата обединета. И за тоа се потребни итни мерки, како внатре, така и од надвор. Единствениот начин што би го спречило понатамошното продлабочување на земјата во политичка нестабилност е директна интервенција и директна асистемција од земјите членки на Европската унија и САД. Како прво во заживување на политичкиот дијалог, во решавање на политичката криза, во враќањето на довербата на граѓаните во државните институции, државниот апарат, а потоа и институционално расветллување на сите обвиненија. Колку подолго трае оваа ситуација, толку е поголема опасноста која што ја создава за стабилноста на земјата, доколку ако не и пошироко.

Сега збор му давам на претседавачот на Националниот совет за евроинтеграции, господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам.

Дозволете ми и мене да се осврнам на неколку аспекти на материјалите кои што ги имаме и генерално целата област која што и Националниот совет за евроинтеграции ја има како своја Агенда, но и Комисијата за Европски прашања.

Благодарам за присуството на гостите, на медиумите. Тоа значи за вас.

Би сакал да ми дозволите да потенцирам неколку работи. Дека се повикува Советот да одреди датум за почеток на пристапните преговори со Република Македонија, без натамошно одлагање. Тоа е прво,

Второ, спорот за името е билатерален и не треба да претставува пречка за отпочнување на пристапните преговори.

Трето, се оправдува ставот на Комисијата дека неуспехот на страните да постигнат компромис за време на две децении и медијации има директно и негативно влијание на европските аспирации на земјата и граѓаните.

Четврто, се нагласува дека со одложување на отворањето на преговорите се предизвикува зголемени непредвидени трошоци за државата како и за регионалната стабилност.

Петто, се нагласува дека дополнително продолжување на статускво состојбата го поткопува кредибилитетот и ефикасноста на политиката на проширување на Европската унија и нејзината позиција во регионот.

7. Билатералните прашања не треба да го засенуваат процесот на пристапување и не треба да бидат пречка за почеток на пристапните преговори.

8. Сите земји кандидати и потенцијални кандидати во текот на интеграционите процеси да бидат вреднувани според сопствените заслуги.

9. Продолжување на пристапниот дијалог на високо ниво со Комисијата ќе допринесе за дополнителен квалитет на реформскиот процес. Се повикува на воспоставување прекугранична соработка, се повикуваат сите членки на НАТО, особено оние кои се членки на Европската унија, активно да го поддржат пристапувањето на земјата во членство на НАТО.

И последно се повикуваат сите политички партии и Владата да работат на подобрување на односите со цел одржување на политичка стабилност на државата.

Ако на некој во оваа сала овие реченици му личат на реченици искажани од македонски политичар и тоа оној тип на македонски политичар кој што држи цврсто до позициите на нашата држава, веројатно ќе морам да Ве разочарам. Заради тоа што овие позиции кои што Ви ги прочитав, се позиции кои што Европскиот парламент ги усвои како свој став во текот на вчерашниот ден.

Кога ние неколку пратеници и неколку членови на Националниот совет во минатите неколку седници ги дискутиравме истите позиции кои што денеска Ви ги читам како позиции на Европскиот парламент, од дел од медиумите, дел од експертската јавност, од дел од нашите колеги, бевме посочени како луѓе кои што не ги разбираме меѓународните односи. Кои што не ги признаваме одговорностите на сите клучни играчи во овој процес на евроинтеграција, кој што сакаме да ја префрлиме топката на проблемите кои што ги има, се појавуваат или се креираат во Македонија, врз меѓународната заедница.

Но почитувани колеги, денеска имаме документ од Европскиот Парламент, кој што само неколку месеци после тие бурни расправи во Националноит совет практично ги има истите ставови како и Националниот совет за евроинтеграции. Тоа што Република Македонија неправедно се држи надвор од овој процес, надвор од сите политички критериуми, зацртани и, задолжителни за сите други држави кои што пристапуваа или пристапуваат кон Европската унија си има свои последици. Не би сакал и јас како и мојата колешка Алити, да бидам разбран, дека ние не чувствуваме одговорност во овој процес. Дека немаме желба да работиме на овој процес. Но, сакаме да бидеме слушнати, покрај од Европските пратеници на кои што им благодариме, сакаме да бидеме слушнати од Европските амбасади во Македонија, сакам да бидеме слушнати и од Европските влади, дека оваа држава и овие луѓе, кои што живеат овде имаат право на еднаков третман како и сите други држави кои што излегоа од поранешниот социјалистички, комунистички блок.Фактот дека една држава има проблем со нашето уставно име, не е доволна причина овие 2 милиони луѓе да бидат државни со децении надвор од процесите кои што ги заслужуваат еднакво со сите други држави околу нас.

Можеме да ги мериме работите. Можеме да дискутираме и за политичкоит дијалог, дали тој е подобар, или по лош, од оној што го имаме во Бугарија, каде што лидерот, поранешниот премиер на Бугарија и претседател на партијата на Европски социјалисти е под обвинение на државата за криење на тајни документи,

зборувам за Сергеј Станиша. Можеме да зборуваме за Албанија. Можеме да зборуваме за Србија низ минатите десет години. Можеме да зборуваме за Хрватска, каде што има судска постапка против најпопуларниот градоначалник на главниот град на Хрватска. Но, секогаш кога ќе зборуваме за тие прашања, мораме да го имаме во предвид регионалниот контекст. И мораме да ги имаме предвид состојбите кои што се случуваат скоро во сите држави кои што излегоа, од поранешниот социјалистички систем. Секако, на дипломатите во Скопје кои доаѓаат од високо развиени европски држави, некогаш им е тешко да ги разберат околностите под кои што функционираат политичките партии во Македонија. Исто веројатно им е тешко на оние амбасадори и дипломати кои што работат во Бугарија, во Србија, во Албанија, во Хрватска во Босна и Херцеговина, во Црна Гора. Едноставно овој регион има повеќе историја од географија. Има повеќе страдања од било кој европски регион. Има повеќе меѓусебни проблеми внатрешни во секоја држава и меѓу државите, отколку било кој друг регион на Европа. За тоа регионот на Балканот, е клучен за стабилизација на целокупната Европската унија. Од тука, ние сме балгодарни за тоа што многу од Европските држави посветуваат огромно внимание на овој регион.

Но, во исто време сме разочарани заради тоа што Република Македонија не е ставена во редот на државите за кои што важат исти и еднакви критериуми. Класичното толерирањето на една од државите кои што врз база на непринципиелни барања кои што ги тангираат основните човекови права, човековото право да се идентификуваш себеси, да имаш национален идентитет дозволуваат со години наместо како Собрание на Република Македонија, како Влада, како судски органи, како медиуми, како невладини организации да се занимаваме со исполнување на прецизна агедна во силна соработка со експерти од сите европски држави, под силна конттрола до колку сакате од експерти од Европската унија кои што во нормален процес на преговори ќе бидат присутни тука, но нема да бидат присутни двајца, тројца, пет души туку ќе бидат присутни по 10-15 во секоја област, во земјоделие, водостопанство, во животна средина, политички дијалог. Која и област да ја земете ќе бидат присутни овде ќе помагаат и ќе соработуваат. Е, тоа ние го пропуштаме минатите години и со дозволуваме себеси да се занимаваме со теми кои што ниту го очекуваат граѓаните од нас, ниту го очекуваат нашите европски партнери.

Република Македонија во следниот период во оваа година има сериозни обврски. Прво, мора политичките партии да ја прифатат одговорноста која што ја имаат пред граѓаните. Да цитирам уште еднаш, но овој пат да цитирам изјава, а не текст - политичките партии и политичките лидери не смеат да си играат со иднината на својата држава, без разлика дали се на власт или се во опозиција. Не смеат да бидат доведувани во прашање функционирањето, стабилноста и интегритетот на институциите на Република Македонија. Не смееме да си дозволиме не само заради нашата европска агенда, туку и заради економските податоци кои што се реални во последниот период, да ги запреме тие процеси. Да ве потсетам, индустриското производство во Република Македонија 16 месеци по ред бележи значителен развој, односно раст. Извозот од Република Македонија во сличен период бележи постојан раст. Покриеноста на извозот со увозот минатата година во месец јануари беше 60 и неколку проценти. Овој јануари што измина беше 79%. Што значи трговскиот дефицит што го има во Република Македонија пред една година со оној што го имала сега, месец јануари со месец јануари

компарирано е драстично подобро. Порастот на бруто домашниот производ на Република Македонија во минатата година беше една од најдобрите на ниво на Европа, потврдено од Меѓународен монетарен фонд, потврдено од Светска банка, потврдено од Европската комисија. Бројот на вработувања во Република Македонија во последните 2-3 години е во постојан пораст. Се отвараат фабрики и тоа најголем дел од нив се инвестиции од фирми кои доаѓаат од членки на Европската унија или од Германија. Ние не смееме да дозволиме ниту како Собрание, ниту како политички партии, ниту како политичари. Овој забележителен макроекономски раст што го имаме во последните петнаесетина месеци да го стопираме или да го блокираме заради неостварени амбиции на било кој политичар или на било која политичка партија. Чувството на граѓаните со кои јас коментирам е дека ни се повторува еден мрачен период од пред десетина години и повеќе години кога се забележа пораст на макроекономијата, се забележа бројот на вработувањата, се забележа зголемување на преземените обврски на државата спрема граѓаните во смисла на подобрување на економската ситуација и туку наеднаш се случува политички проблем, случајно или не. Дали треба да ги запреме изградбите на фабриките во мојот град Велес, во Штип, во Кавадарци, во Кичево, во Охрид, во Струга, во Кочани, во Виница. Дали треба поради политичка неразумност или политичко лудило да ги запреме изградбата на автопатите низ Република Македонија. Дали треба да ја запреме исплатата на субвенциите спрема земјоделците. Дали треба да ги запреме реконструкциите на здравствените домови. И на крај на краиштата за што не бираат граѓаните нас. Да се оговараме меѓу себе, да си правиме подметнувања, да правиме манипулација, да злоупотребуваме граѓанско општество во остварување на партиска агенда, или да им испорачаме на граѓаните подобри услови за живот. Затоа оваа година ќе биде година на сериозен предизвик, година во која ние мораме да покажеме и како институции и како политичари и како политички партии дека пред нашиот личен или нашиот партиски интерес стои интересот на граѓаните и стои интересот на Република Македонија. Нема голема филозофија, или сме на иста страна за европската перспектива и НАТО перспективата или сме на иста страна за инфраструктурната обнова на државата или сме на иста страна за отворањето на нови фабрики и отворање на нови работни места или сме на иста страна за поддршка на земјоделците за зголемување на пензии или не сме на иста страна. Во оваа година ќе мора да ги зацртаме и да нацртаме тие линии. Сите оние кои мислат дека Македонија треба понатаму да се развива, да се стабилизира, да живее во мир, да живее во соработка. Да, ќе има постојани проблеми, ќе има постојани недоразбирања. Јас со мојата колешка Нора Алити имаме различни ставови за многу прашања, но тоа никогаш не не запрело да дискутираме отворено со тие прашања и во една нормална институционална рамка да ги решаваме сите возможни работи. Знаеме дека сите проблеми не можеме да ги решиме ниту во 6 месеци, ниту во една година, ниту во еден мандат. Но, патеката по која што ќе одиме и мораме да одиме сите е иста, а тоа побрзо зачленување на Република Македонија во Европската унија. Затоа се надевам дека овие испровицирани моменти искреирани скандали и афери кои ни се случуваат во последниот месец во Република Македонија покрај многу лоши последици кои што ќе ги оставаат ќе има и една добра, а тоа да не опоменат сите нас дека немаме обврска да манипулираме, немаме обврска да си правиме подметнувања, да се трошиме во меѓупартиска и политичка битка едни со други. Имаме обврска да им

испорачаме на граѓаните подобри услови за живот. Се надевам дека и преставниците на меѓународната заедница исто така ќе извлечат поуки од овој период во Република Македонија и ќе ги прифатат барањата не само на пратениците од македонскиот Парламент, туку и на пратениците од европскиот Парламент. На крајот на краиштата и европската и македонската демократија се базира на преставничка демократија, се базира на функционирање на парламенти и на Собрание. Тука е отсликана волјата на граѓаните исто како што волјата на граѓаните на Европската унија е отсликана во европскиот Парламент. Благодарам.

**Нора Алити:**

Благодарам господине Димовски.

Сега ја отворам дебатата и збор има госпоѓата Шпреса Хадри, повелете.

**Шпреса Хадри:**

Благодарам госпоѓо потпретседатал на Комисијата за европски прашања, почитувани вицепремиер за евроинтеграции, почитувани амбасадори, почитувани колеги пратеници,

Вицепремиерот за евроинтеграции даде Извештај за четвртото тромесечие, за неговите активности во тоа тромесечие во 2014 година, за сите аспекти накратко. Потоа додека ја слушавме дискусијата на потпретседателката на Комисијата за европски прашања на госпоѓата Нора Алити, исто така и на потпретседателот на Национален совет за евроинтерграции господинот Илија Димовски, говореа за напнатата политичка ситуација како што знаеме сите во последните месеци, особено јас би сакала да се задржам на две битни прашања за кои што мислам дека се за мене и за граѓаните на Република Македонија се важни, прашањето за образованието и прашањето на родовата еднаквост, а потоа да го дадам и моето мислење за актуелната политичка ситуација во земјата.

Што се однесува на образованието, додека се мислев што да зборувам во однос на тоа со тоа што сум сведок во последните месеци на сите протести кои што се случија против реформите во образованието, сакам да подвлечам дека целта за реформите за кои толку се дискутираше и кои што беа толку одбиени од голем дел на студенти, единствената цел на тие реформи беше напредокот на образованието и постигнувањето на успех, а исто така и усоглсување на законите и нашето законодавство со законите на европското законодавство. Целта и намерата беше секогаш добра, меѓутоа таму се случи тоа затоа што не беше созреано времето и можеби не беа мислењата убава анализирани и не се има земено во предвид мислењето на сите фактори што се опфатени во тоа, особено што директно се соочуваат со реформите, меѓутоа се дојде до разбирање и сега се работи во насока на подобрување на критериумите за овие реформи. Ова значи дека тука се јави демократски дух. Значи човек може да погреши и повторно може да се корегира од овој аспект. Ме радува фактот што во последното тромесечје во 2014 година се работело на националната рамка за квалификации која што бил во соработка со Британскиот совет и тоа во градењето на капацитети. Тука ќе се задржам на градењето капацитети, особено градењето на капацитетите на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието затоа што додека ние сакаме нашето законодавство, законите, реформите,

образованието да ги усогласиме со законите на Европската унија и додека учениците од прво до трето одделение работат со програмите од Кембриџ, тогаш ние имаме потреба во Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието да изградиме наши капацитети, не значи  само да ги земеме програмите целосно од Кебриџ и да ги донесеме во нашата земја, а иститe не сме во состојба да ги прилагодиме според нашите услови, затоа што има реакции од учителките од основно образование и наставничките затоа што не може се да се прилагоди. За да се прилагоди треба да се направи прво во Бирото за развој на образованието и потоа да се направи градење на капацитети, така како што имало иницијатива во последното тромесечие во соработка со Британскиот совет. Се надевам дека во последниот период оваа соработка за градење на капацитети ќе продолжи и понатаму, така што ќе имаме помалку проблеми во имплементацијата и усогласувањето на ваквите закони.

Понатаму, искористувањето на ИПА проектот во Министерството за образование и наука и тука видов дека има техничка помош при изготвување  на техничката документација за набавка на наставни средства. Ако ние целиме кон пристапување кон Европската унија и усогласување на закон ќе треба и образованието да ни биде на исто или слично ниво како и потоа на Европската унија и тогаш современите методи бараат и современи средства за работа и затоа треба да имаме капацитети. Значи повторно во градењето на капацитети или обуки за искористување на ИПА фондови за опремување на училиштата и образовните установи со современи наставни средства затоа што тие одат паралелно. Националното образование за возрасни, тоа е за поздравување, од 2014 година се даде големо значение на тоа образование на возрасните. Значи има се даде можност и на тие што не можеле тоа да го направат навреме од нивното детство,  да им се даде можност на 818 студенти кои што се запишани во прва година во 2014 година, значи имаат олеснителни околности за минимална уплата или пак воопшто да не плаќаат за следење на високо образование и 66 признанија за квалификација на високото образование и ова само говори дека се чекори напред и е добро за образованието за возрасните.

Сакам малку да се задржам и на родовата еднаковст. Според извештајот на Комисијата за  дискриминација од родов аспект немаше ниту една забелешка во последниот квартал што е за чудење затоа што не верувам дека нема родова дискриминација, или барем не е пријавено тоа. меѓутоа ако немало ниту една забелешка во последното тромесечие тоа значи дека и ако имало некоја забелешка, тоа била минимална. Ова може да биде како резултат на неуморната работа и соработката на Министерството за труд и социјална политика, секторот за родова еднаквост и Комисијата за еднакви можности на мажите и жените со донесување на постојано нови закони за родова еднаквост, за спречување насилство во семејствата, подобрување на економската состојба на жената и за позитивна дискриминација при вработување на истата, сигурно дека сме направиле нешто плус во оваа област за овој процент да биде поблаг и да нема забелешки, како што има по другите точки. Сепак ова ќе беше добро како што сте предвиделе и во Програмата за следниот период, за следните две години да се даде посебен нагласок, особено во понатамошниот напредок на образованието и на родовата еднаквост, малку за економското зајакнување на жената и на вработување на истата со цел намалување на насилство во семејството и сето ова усогласено со законите на Европската унија и ние колку побрзо се зачлениме

во Европската унија, се надевам дека актуелната ситуација нема да влијае за уназадување на тој процес, туку напротив ќе влијае за чекор плус или побрз чекор за да почнат преговорите и Македонија да стане колку што е можно побрзо членка на Европската унија и НАТО со цел овие внатрешни ситуации да чекориме напред. Благодарам.

**Нора Алити:**

Благодарам госпоѓа Шпреса.

Во однос на родовата еднаквост и правата на жените само сакам да додадам дека 30% од квотата беа воведени во Изборниот законик, ги имаме во Парламентот. Тоа беше само почетокот но не е конечно постигнување цел и сите заедно треба агендата на жената да ја воведеме и во агендата на политичките партии.

Сега има збор госпоѓа Солза Грчева, повелете.

**Солза Грчева:**

Почитувана претседателке на Комисијата, почитуван заменик претседател, почитувани гости, членови на комисиите и медиуми. Нема да влегувам поединечно во секоја од овие проблеми таргетирани овде во извештајот во НПАА, туку најпрво би кажа дека Македонија се наоѓа во политичка криза, тоа е мал збор за она што ни се случува последните месеци, не само последните недели. Македонија по сите перформанси се наоѓа во длабока општествена криза и тоа е она што треба да допре до секој граѓанин да биде загрижен за овие состојби и треба да бидат загрижени и претставниците и на европската заедница. Зошто ова го велам? Некој би рекол дека се ова наши проблеми, дека ние тонеме од година во година, тоа е се пресликано во нашите извештаи што стануваат се поостри и поостри по сите основни би рекла. По клучните основи на кои што се темели по вредностите промовирани од страна на Европската унија. Во Македонија веќе не владеат демократски институции, независни. Во Македонија одамна сме заборавиле што значи независно судство, во Македонија медиумите се далеку од слободни, би рекла и далеку од квалитетни, веќе и нивниот квалитет оронува со време, се позиционирани, длабоко вкопани во еден или во друг табор, веќе не можете да сретнете објективно новинарство, аналитичко новинарство, одамна сме заборавиле што значат вистински дебатни емисии по нашите телевизии. Значи ситуација се влошува од ден на ден. Не само годишно кога го добиваме извештајот, туку тоа влошување на ситуацијата ние го живееме, граѓаните на Република Македонија. Зошто ова денес го кажувам и овде? Затоа што ќе се придружам на моите колеги претходно и ќе речам дајте да престанеме да зборуваме за едно единствено прашање кога е Македонија во игра, за влез во Европската унија, дајте да престанеме да се бавиме со билатералниот спор со Грција. Крајно време е. Вчера се вратив со моите колеги бевме на состанок во Белград, интерпарламентарен каде што учествуваат сите претставници на комисиите за европски прашања, речиси да нема земја на Балканот која што нема отворен билатерален спор, но единствено Македонија е жртва на ваквиот билатерален спор. И не се попусто искажани вчера овие зборови кои што ги прочита колегата Димовски и би рекла дека она што и се случува на Македонија евидентно со мерливи показатели, нејзината ситуација се влошува не годишно,

туку дневно е голема заслуга на неотпочнување на преговорите со Европската унија бидејќи се дозволи да овој спор, на име на овој спор, одредена политичка елита создава политички капитал на нашата сцена бранејќи го, застанувајќи на браникот на името на еден ирационален спор и по нивно кажување ирационален спор се создаде огромен политички капитал кој што ја зацементира оваа и ваква гарнитура на власт со години. Упорно опозицијата, упорно многу граѓани и граѓански здруженија упатуваа на ова решение, опоменуваа за да денес се дозволи да овој спор кулминира со еден огромен јаз во кој што не знам како може да дојде до помирување и смирување на политичката, но и на општествената криза во Македонија. Давам апел, ние вчера и усвоивме еден таков амандман предложен од нашата држава во Белград, итно да се даде шанса Македонија да ги отпочне преговорите токму заради ова што и се случува на Македонија. Значи, токму поради ова што и се случува. Дека и понатаму ќе и се случува сведочи и оваа национална програма пред нас. Ако убаво ја анализирате, ако ги анализирате проблемите, предизвиците кои што се ставени пред нас и нашите одговори на тие проблеми и предизвици ќе видите дека не постои потенцијал во овој материјал дека некои од клучните проблеми ќе бидат решение. Ќе ви посочам само неколку елементарни примери. Кога зборуваме за избори кои што беа посочувани, нели изборната постапката, вие никаде нема да најдете овде дека Македонија нема попис, ниту пак се наведува овде експлицитно дека Македонија има намера да направи попис, вие некаде немате ограничување на физичките лица кои ќе донираат за избори. Знаеме дека имавме и лажно напишани физички лица кои што еднаква сума даваат за некоја партија. Значи и овде во нашите одговори, системски, државни одговори на предизвиците ние не можеме да најдеме решение, туку напротив оваа криза ќе се продлабочува. Отидете кај Владата кои се приоритетите на Владата па ќе прочитате дека тоа е економскиот раст, да зошто да не, апсолутно тоа е многу потребно за граѓаните на Република Македонија, итн., борба против корупција, економски криминал, меѓуетнички односи, но каде е демократијата или владеењето на правото, значи на ова никој не мисли никој да работи. Апсолутно не мисли експлицитно да воведува некакви мерки. Ако отидете во спроведување на процесот за децентрализација, па ние овде донесовме барем неколку закони од урбанизмот кој што напротив ги вратија надлежностите од општините на централната власт. И никаде овде во овој текст, кој што е вака убаво испеглан и формулиран не можете да ги исчитате постапките фактички кои што се случуваат и кои што ние овде како Парламент ги носиме низ многу закони. Убаво звучи и реформата на полицијата, но ние драги мои носиме сега закон за употреба на гумени куршуми кои што се исфрлени од многу земји бидејќи се ризични по животот на луѓето. Ние овдека со убаві зборови го китиме граѓанското општество кое што кај нас исто како и политичките партии е поделено на наши и ваши граѓански сектори. Ние немаме еден граѓански сектор кој што е клучен пазете за демократизација на едно општество. Без него не се може напред. Ние имаме наши и ваши граѓански здруженија, едните се финансирани и тоа добро, другите ги губат парите, сега од ИПА фондовите се изгубија 1.700.000 евра. Ние зборуваме за правосудството, па заборуваме за академија на судии, па зборуваме за бесконечни одлуки на различни нивоа, но не искажуваме јасна политичка волја да се тргнат рацете од правосудните органи, ние за тоа не зборуваме. Зборуваме понатаму за фундаменталните човекови права и слобода на изразување на медиуми и повторно зборуваме за судии тука, не зборуваме за

политичка волја, повторно да се ослободи медиумскиот простор. Ние како вчера имавме можеби и не е за многу граѓани клучен тој настан, но сепак имавме еден жесток напад од опозицијата, што воопшто не го видовме замислете на националниот медиумски сервис тоа е МТВ. Тоа е нашиот медиумски простор во кој што постоиме. Ние имаме мисионери новинари кои што преку ноќ се збогатија, шетаат низ државата и располагаат со некои тези кои што ги фрлаат пред очите и на онака збунетиот народ. Ние имаме селективни пресуди на новинари, јас овде не исчитувам во овој текст решенија на овие горливи проблеми. Понатаму ако влезе уште подлабоко, колешката зборуваше за образование. Во извештајот за образование и наука поготово беше јасно апострофирано дека Македонија не дава пари за наука да речеме, 0,22 од бруто домашниот производ тоа е многу скромна сума а од нас се бараат подвизи од академската заедница, итн., итн., Следејќи го целокупниот квантидал ќе видите една колекција на убаво испеглани, рафинирани изрази, но јас како граѓанин кој што се научив да ги читам и од наопаку зборовите исчитувам дека тука решенија ние немаме. Повторно би дала апел, она што вчера го постигнавме и на кое што сум горда како делегација во Белград да влезе нашиот заклучок како заклучок на целиот регион дека мора Македонија да оди напред, да се отворат преговорите за Македонија, би апелирала ова многу сериозно да биде сфатено и да се разбере дека овој моментум што сега го живее Македонија најголемиот дел се заснова на нејзината огромна фрустрација што седи во чекалната бесконечно. Знаете колку е фрустрирачки да вашиот сосед кој што до вчера беше во војна добие едновремено и кандидатски статус и многу бргу потоа и датум за преговори. А вие седите нон - стоп веќе и не испорачувате, веќе и со право ве опоменуваат дека не испорачувате она што треба да се испорача. Но, запрашајте се, тоа мене ми е многу јасно како работи таа повратна врска. Фрустрациите на луѓето, на владата, на опозицијата, на сите сегменти во оваа држава без остаток работат на тоа да го уште повеќе минираат процесот на демократизација, процесот на владеење на право, затворениот медиумски простор, итн. Ние стануваме еден самозатворен, самобендисан пашалук во кој што племињата ќе бидат оставени сами дома да ја решаваат ситуација. Тоа не смее меѓународната заедница да го дозволи, ние бевме прва земја кандидат и навистина е голем да речам, голем хендикеп за Република Македонија, но исто така не оди на политичко портфолио на Европската унија еден ваков однос кон една мала земја која што е навистина навлечена во ирационален спор со нејзиното име и презиме, име кое што не го измислила сама, кое што истата таа меѓународна заедница пред многу време и го доделила, сега треба некој да и одзема, тотално неправедно, значи овој билатерален спор има време да се решава, знаеме дека проширувањето не може да оди брзо на Европската унија, тоа беше неколку пати јасно декларирано, но она што може и мора да почне веднаш е да се подаде рака која што рака би била во крајна линија и условена со итно отпочнување на политички дијалог во Македонија помеѓу спротивставените страни. Еве тоа би била една да речам пристојна по мене понуда до заедницата да своето давање итно на датум на почнување на преговори го услови со отпочнување на политички дијалог во Република Македонија. И мислам дека тоа би бил единствениот квалитетен чекор кој што ќе значи исчекорување и на земјата и на регионот во правец на она што сите го посакуваме, а тоа се евро интеграциите и едно демократско, европско живеење на нашата држава. Ви благодарам.

**Нора Алити:**

Благодарам госпоѓо Грчева.

Дозволете ми јавно да се заблагодарам на колешката Солза Грчева за дадениот придонес во усвојувањето на заеднички предложениот амандман од страна на делегацијата на Комисијата за европски прашања вчера во Белград. Тоа е успех за поздрав, имајќи предвид дека одлуките во КОСАК се донесуваат со консензус. Значи, Ви благодарам госпоѓо Грчева.

Сега збор има госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:**

Благодарам госпоѓо претседател. Почитувани екселенции, почитувани колеги пратеници, членови на Националниот совет за евро-интеграции. На самиот почеток од моето обраќање би сакала да искажам огромна благодарност за нашите почитувани колеги, пред се од Мешовитиот парламентарен комитет од стана на Европската унија, од Европскиот парламент кои што сесрдно се бореа и се залагаа Република Македонија, повторно да побараат од Европската комисија Република Македонија да добие датум за преговори. Тие ја разбраа болката што ја носиме сите овде, ја разбраа желбата на граѓаните на Република Македонија и оттаму сметам дека и оваа наша денешна дискусија треба да биде повторно апел за продолжување на Пристапниот дијалог на високо ниво, но тоа само треба да биде прв минимален чекор и следното кое што треба да се случи на Република Македонија без оглед на сето она во што сме сега втурнати, е добивање на датум за преговори и во многу порелаксирана атмосфера да може да се разговара и за наметнатиот спор од страна на Грција за нашето уставно име и за се она што треба да го исполни Република Македонија. Во претходниот период, во периодот наназад со години, Република Македонија и сите ние како пратеници ги исполнувавме копенгхашките критериуми, постојано ни беше зборуваме дека ако ги исполниме копенгхашките критериуми Република Македонија ќе добие датум за преговори. Тоа вчера го пренесовме и јас лично го кажав и на државниот секретар за европски прашања од Португалија кој што беше овде во Собранието на Република Македонија и вербата на граѓаните на Република Македонија и желбата да бидеме дел од Европската унија ни даваше поткрепа на сите нас, имаше трпение кај граѓаните на Република Македонија да се прават болни реформи, реформи кои што значеа приближување на земјата кон Европската унија исто така и кон НАТО. Постојано ни се велеше дека ништо не може да го попречи нашиот пат ако ги исполниме сите реформи. Ги исполнивме реформите, критериумите кои што беа потребни за членство на Република Македонија во НАТО, не станавме членка на НАТО се испречи пред нас таканаречениот невидлив критериум кој што стана видлив и кој што ни беше соопштен повторно од госпоѓата Викторија Нуланд дека мораме да го промениме името ако сакаме Република Македонија да биде дел од НАТО, а потоа ни се случи истиот тој невидлив критериум да стана видлив критериум и единствен критериум за влез на Република Македонија во Европската унија. Тоа е таков чекор, чекор кој што се прави од една страна која што не знае што значи тоа за оној на кој што му се испорачува ваквото барање, бидејќи тоа значи да му се одземе душата на еден народ, да му се одземе неговиот дигнитет,

неговото достоинство, на народ кој што покажал дека знае да биде пријателски, знае да ги разбере фрустрациите на нашиот јужен сосед и затоа се направи многу отстапки за кои што не сакам да зборувам бидејќи немам граѓанин во оваа земја што не знае што направивме со Уставот, што направивме со знамето и многу работи за да може нашиот јужен сосед да биде мирен дека Република Македонија не е никаква закана и опасност за Грција. Меѓутоа што се случува сега? Ја имаме дури и пресудата на Меѓународниот суд на правдата во Хаг, граѓаните на Република Македонија се стремеа и работеа и се уште сметаат, се надеваат на европската правда, се надеваат дека Европа не е семејство каде што големите ја наметнуваат волјата над малите, туку сосема спротивно на тоа. Сите сакаме да бидеме дел од НАТО, дел од Европската унија, токму заради европската правда каде што малите ќе бидат еднакви со големите и за нив ќе важат истите закони како што важат за големите. За жал се уште за нас пресудата од Меѓународниот суд во Хаг не важи односно не се применува иако Грција треба да ја почитува времената спогодба и да не го попречува нашето членство во меѓународните организации како што е НАТО, како што е нашето тежнеење за влегување во Европската унија. Со таквиот след на настани се повеќе и повеќе се намалува довербата кај граѓаните во Европската унија иако почнавме со над 99% единствена земја која што тежнее да биде членка на Европската унија имаше ваков огромен процент гледаме дека секој ден овој процент се топи. Една од најглавните обединувачки карики која што не поврзуваше сите политички партии беше работата на нашата заедничка агенда и надежта дека после добивањето на позитивниот извештај Република Македонија ќе добие датум на преговори. Имавме прекрасни светли моменти кога и мнозинството и опозицијата работеа на многу тешки закони, закони кои што беа дел од реформската агенда, се слушавме едни со други, покажавме дух на разбирање, толеранција, покажавме конструктивност и покажавме можност за постигнување на консензус околу многу важни прашања. Секој да отстапи по нешто во интерес на заедничкото добро. И затоа добивме позитивни извештаи и Република Македонија беше спремна да биде дел од големото европско семејство односно да почнеме да ги отвораме поглавјата. Како резултат на тоа што постојано стоиме веќе шест години во тој ходник и не се гледа светло на крајот од тунелот, почнаа да се случуваат деструктивни процеси во Република Македонија за кои што искрено жалам.

Европската унија мислејќи па и земјите членки на НАТО мислејќи дека на тој начин ќе ја принудат Република Македонија да отстапи од себе, граѓаните на Република Македонија да се откажат од себе, од дел од себе, да кажат не ние не сме тоа што сме, направија многу голема грешка, направија во Република Македонија да почнат да ни се случуваат нешта кој што никој не ги посакуваше. За жал колегите од опозицијата после 24 Декември единствено нешто на кое што се обврзаа и кое што го потпишаа, но на кое што не достоеја до крај тоа беше потпишувањето на заедничката декларација дека без оглед на се што ќе се случува во земјата без оглед на тоа што мислиме едни за други, што зборуваме едни за други најважното нешто ќе ни биде европската агенда. И околку тоа дека ќе нема никакви разлики, дека ќе ги почитуваме институциите на системот и дека во рамките на институциите на системот ќе ги решаваме сите отворени прашања. Тоа е обврска заедничка превземена од сите политички партии кои што беа претставени во Парламентот на Република Македонија. Тоа е обврска на Социјалдемократскиот сојуз, обврска на Либерално демократската партија,

обврска на Либералната партија, на сите оние кои што денес се надвор од Собранието на Република Македонија. Ние можеме да имаме разлики околу прашањата поврзани со изборни резултати, нашето поимање околу тоа дали Изборниот законик се спроведувал или не онака како што ние сме сакале, меѓутоа ако сме се обврзале пред сите граѓани на Република Македонија да добиеме толкав број на гласови и ние и опозицијата, едно од најголемите прашања она што ги обединувало сите граѓани била нашата Европска агенда, сигурноста, безбедноста, стабилноста, економскиот просперитет на оваа земја, нашата заедничка цел. Сега граѓаните на Република Македонија се излажани бидејќи ја нема опозицијата да работи на оваа агенда и уште повеќе се згрозени затоа што се руши се она што заеднички сме го направиле. И наместо да се почитуваме едни со други како што сме знаеле многупати досега да го правиме во многу потешки ситуации. Сега што имаме? Улично насилие, улична демократија, играње со човековите слободи и права, газење на Уставот на Република Македонија. Ако некој се дрзнал да прислушува, има институции кои што треба да кажат кој е тој што го направил тоа. Но меѓутоа да се шетате со личните податоци, со личните разговори, со животот на секој човек, со бизнисот, со разговорите на секој бизнисмен, на дипломатите во Република Македонија, и да велите вие сте тој кој само сте слушале и никој друг и тоа го споделувате со јавноста бидејќи нема демократија во Република Македонија е неприфатливо. Неприфатливо е да се држи Република Македонија во заложништво, да се држат граѓаните на Република Македонија во страв, неприфатлив е овој циркус за Република Македонија бидејќи не го заслужува ниеден граѓанин на Република Македонија ваквото нешто што ни се случува денес. Сите заеднички, колегите од опозицијата и јас како тогашен координатор 9 години работевме на проект поддржан од Венсминстер фондацијата и многу други меѓународни организации и направивме огромен исчекор на кој што бев горда, направивме Закон за Собрание на Република Македонија. Единствен во регионот и пошироко каде што воведовме контролни механизми над извршната власт, надзорни расправи, секој министер, секој директор, секој функционер, секој граѓанин на оваа земја можеме да го повикаме овде во Собранието на Република Македонија и да го испрашуваме сето она што сакаме да го слушнеме, сите, и партиите од мнозинството и партиите од опозицијата. Што требаше да направи во овој момент, во моментот кога лидерот на опозицијата добил материјали кои што нели му ги дале загрижени патриоти. Има оваа земја институции, без оглед колку да сакаат да кажат дека ги нема, ние воспоставивме систем како што велат странците Чекед баланс, тоа што е ставено во Уставот на Република Македонија и затоа бевме горди што потрошивме толку години труд и работа затоа што во секој момент можеме да ги контролираме институциите и едни со други се контролираат. Како ќе кажете почитувани колеги, можеше господинот Заев да дојде во Собранието на Република Македонија во Комисиите кои што тие треба да го предводат а ги нема, Комисија за буџет, Анкетна комисија, Комисија за контрола на работата на тајните служби, токму тоа што ни се случува сега. Првин во таа комисија да ги однесе не тој да слуша и преслушува, и тој да ги знае животите на секој граѓанин во оваа земја како што вели 20.000 луѓе. Па секој да се прашува дали јас сум во тие 20.000 луѓе, туку да ги донесе тие материјали и сите претставници од политички партии кои што се застапени во таа комисија и кои што имаат сертификат безбедносен, да молчат, сето она што ќе го видат, што ќе го слушнат да остане тука, и она што ќе оценат да

го споделат со јавноста да го споделат со јавноста требаше тие да бидат тие кои што ќе седнат ќе направат надзорна распава, ќе ги повикаат сите и истиот материјал ќе го достават во Обвинителството. Кога ќе знаат две институции, извршната власт односно Обвинителството дека истите материјали кој што ги има Комисијата за безбедност во Собранието кој што можат во делот на кршење на човекови права да ги има и Анкетната комисија со која што претседава претседателот опозицијата, кога материјалите кој што се поврзани со финансии може Комисијата за финансии и буџет да ги разгледува и да зборува седно нешто овде и да ги повикува сите, може 3 години по ред да ги гледаат сите материјали и секој ден да имаме расправи. Поголема транспарентност од тоа нема. Можеше Комисијата за безбедност и разузнавање да биде противтежа за тоа што велат тие дека немаат доверба во институциите. Ако тие кои што ги водат тие Комисии, значи опозицијата ги води тие Комисии знаат дека и Обвинителството му дале копија и на Обвинителот и на целото Обвинителство од истите материјали дали мислите дека некој Обвинител во оваа земја ќе дрзне кога сите политички партии кои што се претставени во Комисиите ќе знаат што има во тие документи нешто да сокрие или да не работи спротивно согласно на Законот. Дали судовите нема да судат онака како што ќе треба да судат согласно на Закон. Ќе судат почитувани колеги но меѓутоа целта не беше таа. Целта беше Република Македонија да се турне во хаос, да се продолжи сценариото од 24 Декември тоа многупати го кажувам бидејќи единствено нешто кое што заборави опозицијата е дека избори се добиваат со волја на граѓаните не со рушење на целокупниот систем на земјата, не со газење на сопствената земја. И на 24 Декември гледавме овде циркус напад на претседателот на Парламентот, напад врз сите нас, корнење на микрофони, на улица исто така огромен број граѓани кои што сакаат да влезат овде во Собранието на Република Македонија и најважното нешто повик до пратениците од албанските партии да им се приклучат. Е тогаш и господинот Тачи и другите тој рече тоа е македонска свадба ние не учествуваме во неа, не го прифатија повикот и што ни се случи? Се смирија состојбите во Република Македонија но меѓутоа тие не се задоволни од тоа и сега секој ден граѓаните на Република Македонија треба да ја чекаат бомбата кој што ќе значи експлозија на меѓуетничките односи во Република Македонија. Така ли се сака сопствената земја? Со тоа што ќе ги потпалуваме меѓуетничките односи во Република Македонија? Па доста и беа црнила на оваа земја. Доста мајки се завиткани во црнила. Уште ли треба тоа да го правиме? Мислам дека сме доволно цивилизирани, паметни, сите ние покажавме дека можеме да бидеме европејци во вистинска смисла на зборот затоа што умеевме да донесеме заеднички многу закони, со многу разговори, со толеранција, со отстапување и опозицијата и пратениците на мнозинството. Зошто е потребен ваков циркус? Никој не треба да прави штета на сопствената земја само заради тоа што не е на власт. Ако сметате дека сте во право почитувани колеги од опозицијата сега се обраќам до нив, нека повелат во Собранието на Република Македонија па сите нека не убедат во исто време ќе знаат дека истите материјали меѓутоа сите не селективно, сите материјали кои што ги имаат во рацете да ги дадат на Јавниот обвинител. Бидејќи ужас е еден човек и една партија да ги преслушува личните разговори на сите граѓани во оваа земја како што велат тие, 20.000 граѓани ако е тоа точно тогаш имаме многу сериозен проблем. Тоа е само со една цел, да се сее страв кај граѓаните, да се управува со животот на граѓаните, да се управува со нивниот бизнис, да се уценуваат, што

друго да мислиме? Ако сте чесни, повелете овде во Собранието на Република Македонија сите сме отворени за дијалог, сите сме овде во Парламентот на Република Македонија да ја градиме Република Македонија како демократска земја. Затоа во овој мој емотивен говор ќе кажам само уште едно нешто. Ги замолувам амбасадорите на земјите членки на Европската Унија да и помогнат на Република Македонија да излезе од овој хаос. Да добиеме датум за преговори, бидејќи првиот чекор кој што го направи опозицијата беше само заради тоа. Дека ќе се одземе препораката, еве не се одзема препораката. Дај да добиеме датум и да отпочнеме преговори паралелно со течењето со отворање и затварањата на поглавјата ќе се нормализираат состојбите во Република Македонија. Ќе почнат нормално да функционираат институциите. Сите оние колеги уште еднаш ќе повторам кои што сакаат од опозицијата и кој што се срамат од сето она што се случува а знам сум разговарала со некои од нив и знам дека се срамат. Знам каде им смета дека им е местото, дека местото им е во Собранието на Република Македонија, да дојдат овде и заеднички сите да сме одговорни за иднината на сопствената земја а не некои да бидат гробари на Република Македонија и постојано да тече обвинувањето едни со други. Македонската историја не треба да се повторува. Мирот и стабилноста на Балканот е повеќе од потребна и на Европа ако не оставите надвор од границите на Европската Унија. Република Македонија не може да остане изолирано острово со своите проблеми, тие проблеми ќе се шират. На тој начин парите кои што ги вложуваше Европската Унија и НАТО во стабилизација на целиот регион може да одат во неповрат. Затоа ве замолувам уште еднаш во мое лично име и во името а сите граѓани кои што ги претставувам Република Македонија да добие датум за преговори и колку што може да имате влијание да им укажете на колегите од опозицијата да се вратат овде во Собранието на Република Македонија ние сме спремни за дијалог, ние сме спремни за проштевање, ние сме спремни за доброто на Република Македонија да направиме се, да подадеме рака и да продолжиме заедно. Благодарам.

**Нора Алити:** Благодарам госпоѓо Бонева.

**Илија Димовски:** На седница на Национален совет секогаш имаме пракса без реплики за да секој си го каже своето мислење без разлика што не се согласуваме. Благодарам. Извинете.

**Нора Алити:** Нема проблем, благодарам. Тоа што сакав да го кажам е дека нашите граѓани остануваат на нивната евроатланска аспирација и одговорноста за нашето патување кон Европската унија јасно се согласуваме сите ние како позицијата така и опозицијата. Во миговите кога ние говориме нашите граѓани се помеѓу две екстремни вистини кои што се појавуваат денес или што бараат решение. Првата работа што треба да се направи неопходно е заживување на политичкиот дијалог, седнување на сите страни на маса и надминување на политичката криза со посредување на Европската унија.

Сега збор има господинот Влатко Ѓорчев.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарам почитувана госпоѓо претседавач, почитуван потпретседателе, почитувани членови на Собранието на Република Македонија, почитувани претставници од дипломатскиот кор, драги гости, почитувани присутни.

Јас би сакал да почнам со една тема која што во овие неколку дена и тоа како е актуелна можеби не е на врвот на вестите но е актуелна и мислам според мое лично наоѓање и мислење како ниедна друга ја илустрира деструктивноста со која што сме соочени овие денови. Ме поттикна дискусијата на госпоѓа Шпреса од ДУИ во делот на нивната дискусија во врска со образованието. Значи јас сакам да зборувам за нешто што го гледаме во моментов во Македонија а кое што мислам дека е многу, многу, многу штетно и може уште повеќе да биде штетно за иднината на оваа држава. Значи ние почитувани присутни можам да ги покријам сите овие теми но ниедна не ја разобличува агендата со која сме соочени како оваа. Ние сме соочени сега со еден поход овие денови, поход против математиката во Република Македонија. Имаме хајка против полагањето на испит по математика во Македонија. Некој во Македонија сака по малце учениците да учат математика, по малку да знаат математика, алгебра, геометрија, програмски јазици. Дали е тоа политички стимулирано? Да политички е стимулирано сите знаеме мала е Македонија, мало е Скопје ние имаме политичка структура, политичка партија која што стимулира протести на средношколците против математика во Република Македонија. Што добро ќе се случи во Република Македонија ако имаме по малце математика? Ништо добро само полоши работи ќе се случат. Тоа ја разобличува деструктивноста со која сме соочени. Ние живееме во глобализиран свет каде што оваа економија нашите млади треба да се натпреваруваат истовремено со младиот пеесетина Европски земји, треба да бидеме конкурентни. Ние треба да се натпреваруваме со источна Азија, математика, алгебра, аритметика, информатика. Погледнете што се случува во јужна Кореја не случајно јужна Кореја ги има Samsung, Kia, Daewoo и така натаму. Не случајно имаат 40 000 долари по жител. Јапонија уште повеќе прави реформи да има уште повеќе математика, Англија имаат Министер за образование Мајкл Гов направи ќеиф направи предавање, спроведува реформи кој што вели повеќе математика за нашите ученици. А ние што правиме тука? Ние за некој да добие 5 000 гласа повеќе во Македонија ние почнуваме поход против математиката. Што е есапот? Сега ќе ви кажам. Македонија има 20.000 матуранти, тие 20.000 матуранти полнат 18 години и 20.000 матуранти во Македонија секоја година треба да гласаат. Од тие 20.000 сигурно добра половина не се заинтересирани за политика. Значи околу 10.000 излегуваат на гласање и тие 10.000, 3.000 имаат едно гледиште, 3.000 имаат друго гледиште околу 4.000 се неопределени. И сега да се антагонизираат тие 4.000 матуранти против Владата против реформите, против министерот за образование, против заменик министер за образование, против Парламентот, ајде ќе направиме протести против математиката, ќе им ласкаме, ќе им велиме вие сте во право, вие сте жртви, вие сте вака, вие сте така и за некој да добие 4.000 гласови во Македонија наредните 20 години, 200, 300.000 средношколци во Македонија треба да знаат по малце математика. За 4.000 гласови. За 4.000 гласови во оваа држава овие неколку недели се симулираат протести против математиката. На страна сите други протести што се стимулираат. Каде што можеме да дебатираме да кажуваме аргументи вакви или такви, ние ќе имаме економија на 21 век, информатика, роботика, компјутеризација, изација и така натаму. И ние ќе ги осудиме нашите млади утре

во светскиот пазар на работна сила да ги вршат најтешките, најлошите, најслабо платените работи. Тоа сакаме да го направиме? За 4.000 гласови. Сакаме ли нашите млади утре да работат во Лондонски фирми, сакаме, сакаме да работат во Силиконската долина, сакаме, сакаме да работат во Баварските фабрики за автомобили, сакаме, ќе можат ли да работат ако не знаат математика? Ќе можат ли ако не знаат геометрија? Ако не знаат програмски јазици, математиката е основа на работниот пазар на пазарот на работна сила во 21 век. Основа. И за 4 000 гласа некој да ја поткопува Владата ќе упропастиме 200, 300, 400.000 млади.

Политички се стимулираме и протестите. Не велам сите кои што протестираат имаат политичко мислење, немаат политичко мислење. Апсолутно не. Но организаторите, нарачателите, инспираторите, поддржувачите и тоа како знаеме, се знаеме меѓу себе сите тука. Ние живееме во ситуација во која што Австралија има се повеќе математика, Кина има се повеќе математика, па погледнете од источна Азија, од овие земји кои што најмногу имаат математика. Секоја година илјадници, илјадници инженери одат да работат во Гугл, Епал, во Сам Мајкро системс, во Дел компјутери и ние имаме, да, ќе најдеме од Македонија пет луѓе, десет или петнаесет или педесет, но ако сакаме Македонија да биде успешна приказна, ако сакаме да имаме млади  кои што ќе се натпреваруваат во светот, ние треба да имаме 2000 такви, 5000 такви, дај Боже 10000 такви, а не 20, 50 или 70 од училиштата кои што сите ги знаеме. Сакаме ли нашиве млади да ги осудиме на најниско платени работни места или сакаме нашите млади утре да бидат инженери, да работат во осигурителни компании, во финансиски хеч фондови, инженерски работи и сето она што го носи 21 век. Значи, за некои во Македонија, уште еднаш ќе речам, злосторство е тоа што се прави. За три - четири илјади гласови, некој почнува поход во Македонија против математиката, за да ќари гласови. Не знам како, врв на апсурдот, ова да го опишам. Некој за да добие гласови работи на тоа нашите деца да знаат помалку математика. За да ласка и да им каже јас сум со вас гледате ние сакаме да ви помогнеме, а овие од Владата се лоши, никакви, сакаат да ве натераат повеќе да се подготвувате по математика која што ќе им треба наредни 10, 20, 50 години. Како што тука во оваа сала до нас на 24 декември 2012 година сакаше некој финансиски да ја сруши Македонија. Намерата беше да не се донесе Буџет, беше нападнат претседателот на Собрание. Дојдоа луѓе, пратеници дојдоа во маички, во џемпери, во јакни, дојдоа да се тепаат. Па обидете се во Европскиот парламент или во било кој западноевропски парламент да го отстраните претседателот на Собрание од неговата столица, што ќе се случи. Ајде да видиме тоа некој да го направи. Било каде, во Шпанскиот парламент, во Вестминстер, во Рихстагот, во Францускиот парламент. Ајде некој, нека се соберат 20 - 30 пратеници и да се обидат да го исфрлат претседателот на Собрание, да почнат да кршат чаши, да ги извадат микрофоните, да видиме како ќе реагира парламентарното обезбедување. Намерата беше во оваа сала да се донесат 1000 амандмани, да не се донесе Буџетот. Кога Грција гори три години, најголема криза во Европа и гиганти се тресат, Нокија отпушта луѓе, Опел отпушта луѓе, Сименс отпушта луѓе, Германија на раб на рецеси, Италија во рецесија, Шпанија во рецесија, еврото се тресе, намерата беше Македонија да биде без Буџет. И ни велеа ако го донесете Буџетот ќе имате грчко сценарио, демек пет години рецесија. Не ние имаме три години наназад, Македонија е во топ три економии кои што најмногу растат. Значи во оние категории кои што се мерливи, не да зборуваме со епитети, во мерливите каде

што треба математика во мерливите категории, економија, раст на БДП, дефицит, странски инвестиции, Македонија е добра. Онде каде што треба да се филозофира и да и се даваат епитети на Македонија е тука оние кои што едноставно настапуваат со деструктивност гледаме дека лепат етикети и епитети на оваа држава. Значи, имавме ние напад на Буџетот почитувани присутни. Ако не донесовме Буџет ќе имплодираше финансискиот систем во Република Македонија, ќе имавме девалвација, ќе имавме банкротирање на државата, немаше да може државата да ги алиментира, да ги сервисира своите базични обврски, немаше да може да се исплаќаат плати, пензии, итн, тоа се обидоа да ни го направат тука. Дојдени во џемпери, јакни, маици за тепање, тоа беше намерата. Уште неколку збора, значи тоа беше нападот врз Буџетот, пред малку ви го опишав нападот врз математиката. Значи, средношколците и основците во Македонија да не им треба математика, тоа се стимулира.

И сосема на крајот неколку работи поврзани со евроинтеграциите кои што се однесуваат на земјите од југоисточна Европа. Почитувани присутни, гледаме кои се безбедностите, внатре политички, надворешно политички предизвици на балтичките земји, Естонија, Латвија и Литванија. Ако не беа Естонија, Латвија и Литванија членки на Европската унија и НАТО, каде ќе беа сега. Гледаме што се случува во источна Европа, каде ќе беа Латвија, Литванија и Естонија во оваа ситуација, во овие консталации доколку не беа членки на Европската унија и НАТО. Каде ќе беше Бугарија ако не беше членка на Европската унија и НАТО. Знаеме во Бугарија чии интереси се прекршуваат и кои консталации исто така таму ги има, поврзани со енергетиката, гасоводите, итн. Каде ќе беше Романија ако не беше членка на Европската унија и НАТО. Затоа Македонија треба да биде членка на Европската унија и НАТО.

И сосема на крајот, би било интересно кога, ама знам дека тоа нема да се случи затоа што одредени држави и опозиционите партии во тие држави се многу поодговорни, би било интересно кога би можеле да ги слушнеме разговорите помеѓу министри на пример од некои европски земји со новинарите од тие европски земји. Значи, кога би можеле, ајде да видиме последниве пет години или десет или петнаесет години, да го слушнеме секој разговор, на секој министер, земја членка на Европската унија или портпарол на институција или доктор во некоја земја, со сите новинари од таа земја. Значи ајде во земјите членски на Европската унија да ги слушнеме, да ги добиеме транскриптите,  или да ги пуштиме на стадионите, разговорите помеѓу секој министер и секој новинар. Би било интересно. Но тоа нема да се случи, тоа само во Македонија некој ќе направи таква ситуација. Или замислете почитувани, на било кој тука присутен некој да ги преслуша сите разговори кои што ги имале во последниве пет години и да ви пушти пет разговори. Замислете го тоа, било кој од присутните. Сите разговори, се што се разговарало, како што некој вели, се што сте разговарале последниве пет години и пет разговори да ми пуштите. Тоа е она што во Република Македонија во моментов се прави како ситуација. Уште еднаш ќе речам во мерливите работи каде што треба математика и статистика, дефицит, раст на БДП, раст на инвестиции, раст на производство оваа држава оди напред. Таму каде што може да се даваат квалификации и дисквалификации, описни кажувања, итн, таму имаме мајстори за епитети и спин доктори кои што и тоа како работат што полошо да биде во оваа држава, за нив да биде подобро. И уште една реченица почитувана госпоѓа претседавач, минатава недела имав можност да посетам

огромен број на населени места во цела Македонија. Луѓе кои нас не гласаат, луѓе кои што се даночни обврзници Зрновци, Видовиште, Мородвиц, Чешиново, Облешево, Чифлик, итн, луѓето ги интересира пат, асфалт, мост, каналите да се исчистат, тоа ги интересира и за тоа не гласаат. На луѓето не им е гајле кој што кажал, како дофрлил, кој се насмеал, а тоа затоа што луѓето не избрале, тоа со сите маки и проблеми добро го работиме. Максимално сме посветени на проблемите на луѓето. Луѓето тоа ги интересира, како да имаат патишта, како децата подобро да им учат, како да се поправи покривот или прозорците. Благодарам.

**Нора Алити:**

Благодарам.

Имаме пријавени за збор уште двајца, меѓутоа пред да продолжиме со дебатата сакам да ви кажам дека Предлог мислењето за националната програма, за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2015 - 2017 сега веќе ви е поделена, ве молам доколку имате некаква забелешка или препорака за некоја дополнителна точка истото да го направите.

Сега збор има пратеникот Димитар Мирчев.

**Мирчев Димитар:**

Благодарам.

Уважена претседателке, ни го нема претседавачот на Националниот совет така што вас ви се обраќам.

Прво да ви кажам две, три предупредувања. Барем Националниот совет е составен од различни групации и граѓанско општество, бизнис заедница, претставници на цркви, Академија на науки, итн, меѓутоа ние пак многу малку можеме да дојдеме до збор. Главно пратениците се говорници овде и мојата молба е да се направи една рамнотежа малку, не по редоследот на кој некој се јавил за дискусија туку да има различни мислења од групите барем во Националниот совет.

Втора работа, дневниот ред на денешниот состанок е многу прецизен. Се работи за Националната програма за усогласување со правото на Европската унија и информацијата за последниот квардел од минатата година за реализација. Претседателот на Владата господин Бесими беше многу, многу прецизен во своето излагање, меѓутоа овде ние почнавме една општа парламентарна дебата за состојбите во Македонија. Јас лично сум против тоа. Едноставно не можеме да бидеме продуктивни на дневниот ред доколку разговараме воопшто за состојбите во Македонија, тоа го почнавме, па до специфични прашања како математика. Така што јас се залагам за тоа едноставно и на СЕП да му помогнеме со некои идеи, мислења и оцени за оваа Програма да биде поефикасно реализирана. Јас се согласувам инаку со ревизијата за овие две години, се согласувам и со анексите кои што ги содржат предвидените закони и прописи за усогласување со тоа што морам да ви кажам мислам дека можеме подинамично да одиме бидејќи минатата година изгубивме речиси 6 месеца на избори, нова влада, конституирање на Националниот совет, барем годинава може подинамично и поинтезивно да се оди во законодавството. Мене ми е едноставно јасно зошто некој од законите кои не се ниту контрасни, контроверзни, итн, ниту зависат од опозицијата и слично, не можеме порано да ги усвојуваме.

Се согласувам исто така и со нацрт мислењето што ни е предложено, меѓутоа морам неколку работи да кажам во врска со процесот на евроинтеграција. Претседателот Иванов во овие десетина дена беше на две, три патувања во странство, последното беше во Австрија каде што имаше говор на Европската Академија на науки, пред тоа во Женева на Советот за човекови права на ОН и тој се осврна на една теза што е многу присутна во Европската унија дека земјите членки едноставно се заморени од проширувањето, на што нашиот претседател одговори дека ние пак сме многу заморени од чекањето на проширување. Десет години кандидатка за член на Унијата и десет, единаесет години од ратификацијата на Спогодбата за асоцијација и стабилизација и вистина е тоа долго, долго чекање. Вистина е исто така дека последниве анкети покажуваат замор и на граѓаните од илузорните изгледа очекувања за почеток на преговорите или за промена на статусот на Македонија во однос на Унијата па и на НАТО. Значи, точен е податокот дека до пред неколку години имавме над 90% поддршка и ентузијазам на анкетираните граѓани. За влез во Унијата и НАТО сега тој е отпаднат приближно 70% со тенденција и натаму да опаѓа. Се разбира ние можеме да ги почнеме и преговорите без разлика на ентузијазмот или поддршка на граѓаните, можеме дури и да влеземе во Унијата бидејќи имаше многу примери каде што поддршката беше и под 50%, Хрватска е последниот таков пример каде што поддршката за влез во Унијата беше околу 38% истата година Хрватска стана полноправна членка. Меѓутоа, се разбира друг амбиент е доколку има масовна поддршка вистина.

Третата работа е дека ние, нашата надворешна политика, нашата дипломатија, итн, треба многу повеќе да се активира токму на убедување на нашите партнери и пријатели во Унијата и во НАТО дека нас не уназадува овој процес на чекање на преговорите. Веќе имаше неколку аргументи дадено за тоа, самото чекање ни создава внатрешни проблеми и јас мислам дека една од причините за постоење на внатрешни проблеми и прилики кои ги имаме се точно фрустрациите барем на обичниот човек го зафаќаат од предолгото чекање или да кажеме неразрешување на спорот со името кој не зависи од нас.

Понатаму би сакал да кажам дека имаше неколку за мене несфатливи тези и денеска меѓутоа ги има и надвор, според кој Македонија ја зафатила голема длабока политичка криза. Јас апсолутно не се согласувам со тоа да ви кажам, има неприлики политички, ги има и во други земји што нас не не интересира, меѓутоа не ми е јасно како наводно долгорочна политичка криза веќе две години прави и не знам колку месеци, а од друга страна сите општествени структури функционираат сосема во ред. Економијата напредува. Дали е можно во услови на сериозна длабока политичка криза економијата да оди напред, а оди напред повеќе од најмногу земји членки на Унијата па и на Европа. Не може.

Второ, сите лелекања и молби Европската унија да ни помогне во разрешување на наводната политичка криза која не постои. Постои криза на морал, постои бојкот на Парламент, инт, меѓутоа меѓу обичните луѓе не се чувствува политичка криза и сега ние апелираме до Унијата, на меѓународниот фактор, на меѓународната заедница да дојде овде да ни ги активира институциите и да ни ја реши кризата. На кој начин? Ако ние самите не си ги активираме институциите, како што е Парламентот или правосудството итн, кој може од надвор да дојде забога да ни ги разрешува проблемите. Тројки, петорки, десеторки, итн. Почнавме една општа парламентарна дебата за состојбите во

Македонија, мислам дека многу од тие оценки се искривени, изветоперени и дека нема никаква потреба самите да си даваме оценки кои не држат за тоа какви се состојбите во Македонија. Оваа држава има сериозни проблеми, и во образованието, и во стопанството и во здравството, и во културата, итн, наместо да се зафатиме со тие проблеми ние измислуваме и продлабочуваме некакви кризи, апелирајќи на меѓународниот фактор да дојде да помогне да се разрешат таквите проблеми. Крајно време е би рекол и Националниот совет за евроинтеграции да се фокусира и концентрираат на евроинтеграциите, да си ја вршела својата домашна задача на квалитетот на животот на развојните трендови итн, а не на други прашања кои се сосема периферни. Благодарам.

**Нора Алити:**

Благодарам.

Бидејќи до сега не ми се доставени никакви забелешки или дополнителни препораки што се однесува на Предлог мислењата, тогаш Предлог мислењата заедно со анексот 1 и 2 за Националната програма за усвојување на правото на Европската унија, ревизија 2015 - 2017 ја ставам на гласање и најпрво ги молам членовите на Комисијата за европски прашања да се изјаснат.

Ве молам кој е за?

Против?

Воздражан?

Немаме.

Констатирам дека Комисијата со 7 гласа за, со ниту еден против и воздржан, го усвои предлогот мислењето и анексите 1 и 2.

Сега ги молам членовите на Националниот совет за евроинтеграција да се изјаснат за предлог мислењата.

Кој е за?

Кој и против?

Воздржан?

Констатирам дека и Националниот совет за евроинтеграции консензуално ги усвои предлог мислењата.

Почитувани присутни дневниот ред е исцрпен, ја затворам 11-та седница на Комисијата за европски прашања и 4-та седница на Националниот совет за евроинтеграција.

Благодарам на сите за вашето присуство и вашиот придонес на оваа седница.

Седницата заврши во 13.15 часот.